# Вашиот дом

## Општински данок

Кога поседувате куќа, мора секоја година на Општината да и плаќате пари, а тоа се нарекува општински данок. Парите од општинскиот данок се користат за пружање услуги на заедницата, вклучувајќи собирање на ѓубрето, одржување на улиците и пешачките патеки, осветлување на парковите, одржување на парковите и градините и на објектите за забава и разонода.

Како основа за пресметување на вашиот општински данок Општината ја користи вредноста на имотите. Исто така има и посебна наплата за собирање на ѓубрето за кантите од 120 литри и за кантите за зелен отпад од 240 литри.

Може да одберете одеднаш да го платите целиот износ на вашиот општински данок, или да го платите на четири рати. Ако плаќате одеднаш, мора да го платите целиот износ до 15 февруари секоја година.

Ако одберете да плаќате на рати, уплатите треба да ги извршите до следните датуми секоја година:

Прва рата – 30 септември

Втора рата – 30 ноември

Трета рата – 28 февруари

Четврта рата – 31 мај

За повеќе информации или за да дознаете како да го платите вашиот општински данок, ве молиме јавете ни се.

## Проширување на вашиот дом или изградба на нов дом

Ако градите нов дом или планирате да го проширите вашиот дом, ќе треба да поднесете барање за градежен план и за градежна дозвола.

Персоналот во општина Бањул со задоволство ќе ви даде информации и совети за да ви помогне околу вашиот градежен проект. Исто така можеме да ви помогнеме да изработите одржлив градежен проект.

Дозвола за градежно планирање можеби исто така ќе ви биде потребна и ако сакате да отстраните дрвја.

## Опасности од пожар

Заради заштита на општата безбедност, на вашиот имот не треба да има ништо што може да предизвика пожар, како што е премногу израсната трева или отпадоци. Општината може да ги исчисти работите што претставуваат опасност од пожар, на ваш трошок.



Banyule
CITY COUNCIL

# Вашиот дом

## Направи за горење ѓубре и отпадоци

За да се намали загадувањето на воздухот, не е дозволено да користите направи за горење ѓубре или отпадоци на отворено. Од непотребниот материјал треба да правите ѓубре по пат на природно распаѓање (компостирање), да го иситните во дробилки, да го фрлите во кантата за отпадоци за преработка или во кантата за ѓубре.

## Внатрешни направи за откривање пожар

Погрижете се да имате поставено исправни направи за откривање пожар внатре во вашата куќа, за да може, во случај на пожар, да се вклучи алармот и да ги предупреди станарите. Најдобро е батериите да ги менувате на секои 6 месеци, а лесно ќе запомните ако тоа го правите кога почнува и кога завршува летното мерење на времето.

## Косење тревнци

Косилки за трева може да користите само од 7 часот претпладне до 8 часот попладне од понеделник до петок, и од 9 часот претпладне до 8 часот попладне во викендите и на државните празници.

## Надвиснати гранки

Надвиснатите дрвја или грмушки може да бидат опасни. Ве молиме поткаструвајте ги до работ на вашиот имот и/или доволно високо од земјата за да можат луѓето да минуваат под нив.

## Куќни броеви

Општината на секој имот му дава број. Ако поседувате имот или живеете на него, мора да се погрижите тој број да биде лесно видлив од улицата. Тоа е важно, зашто, во итен случај, полицијата, брзата помош или противпожарната служба ќе можат брзо да ве најдат.

## Штедење енергија

Штедењето енергина ќе ви заштеди пари и, што е уште поважно, ќе го намали количеството на гасови што и штетат на нашата атмосфера. Еве некои лесни начини за штедење енергија:

- Гасете ги светилките и електричните апарати кога не се потребни.
- Користете електрични светилки што штедат струја.
- Одбирајте електрични апарати со висока заштеда на енергија и уверете се дека се исправно поставени.

# Вашиот дом

- Сушете ги алиштата на жица место во машината за сушење алишта.
- Користете изолација; затнувајте ги пукнатините и дупките, затворајте ги вратите.
- Исклучувајте го греењето или ладењето кога излегувате од дома.
- Туширајте се покусо време и користете туш што штеди вода.
- Перете ги алиштата со студена вода.
- Користете јавен превоз, возете го вашиот велосипед или одете пеш.

Исто така може да се вклучите во Програмата за одржливи домови (Sustainable Homes Program) така што ќе се пријавите на www.sustainablehomes.vic.gov.au

За повеќе информации за животната средина и како да се грижите за неа, ве молиме јавете ни се.

Ако сакате повеќе информации а ви треба помош од преведувач, ве молиме јавете се во Телефонската преведувачка служба TIS National на 131 450 и побарајте да ве поврзат со општина Банјул на 9490 4222.

Инаку може да се јавите во општина Банјул ако се јавите кај нашиот Тим за услуги на клиентите на 9490 4222, ако посетите некој од нашите Услужни центри во Ајванхо или во Розана, или ако ни испратите електронско писмо на enquiries@banyule.vic.gov.au



Banyule CITY COUNCIL